Александар АТАНАСОВСКИ

# СОЗДАВАЊЕ НА ФЕУДАЛНИ КНЕЖЕВСТВА И ДРЖАВИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1355 ДО 1365 ГОДИНА

Правното уредување и правниот систем во македонските области, кои биле вклучени во рамките на српското царство до средината на XIV век не се промениле. Се промениле луѓето кои биле на чело на локалната управа. Плодовите од српската победа ги собрале пред сè српските великаши. Меѓутоа, сите „Византијци“ (особено феудалците што биле на служба во Македонија) не биле во поразената страна и имотите не им биле конфискувани.[1] Животното умеење феудалецот во вистинско време да се приспособи на новите прилики, очигледно повеќе се исплатувало од верноста кон страната што губи. Од друга страна, хаосот од граѓанската војна во Византија, чии последици се чувствувале и во Македонија, пред сè во Пострумјето и на Халкидик, и конфискацијата на имотите на спротиставената страна, секако влијаеле дел од византиските великаши да се определат за српскиот цар од кого очекувале да го поврати мирот во целата област. Со тоа, придружувајќи се на српската властела и тие ги береле плодовите од српската победа за сметка на оние што му останале верни на византискиот император и ги изгубиле сите свои имоти во краиштата вклучени во границите на српската држава[2].

Преминувањето на византиските феудалци на страната на Стефан Душан било искористено за проширување на српската власт во Македонија. Така, на пример, некои современи извори говорат дека кралот Душан го освоил Охрид и околните градови со помошта на оние крупни византиски феудалци кои поминале на српска страна. Меѓу таквите бил и Никифор Исак од родот на Дуковците.[3] Поради укажаната помош нему му било доверено да го управува Охрид како

---

[1] За улогата на „грчката" властела во српската „Романија" спореди: Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти. Београд 1965, 100-101; Д. Кораћ, Кир Дука Коресис - дворанин цара Стефана. - ЗРВИ 29/30, Београд 1991, 213.

[2] Г. Острогорски, Серска област, 102 ; Д. Кораћ, Кир Дука Коресис, 214.

[3] Ст. Новаковић, Законски споменици српских држава средњег века. Књ.V, Београд 1912, 673; М. Динић, За хронологију Душанових освајања византијских градова. - Зборник радова Византолошког института (ЗРВИ),4, Београд 1956, 5-6 ; Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности некоторых сербских грамот XIV в. - Славянское источниковедение, Москва 1965, 119; Истиот, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342-1355 година. - Историја, IV/2, Скопје 1968, 66 ; Б. Панов, Охрид и неговата област во рамките на српската држава (1342 - 1365 ). - Охрид и Охридско низ историјата. I. Скопје 1985, 239.

вазал на Душан. Во издадената повелба на охридскиот манастир Св. Богородица Перивлепта, Душан во 1342-1345 година[4] го нарекол: „**Брата кралевства ми севастократора града Охрида**“ и „**прѣлюбовни властелинь кралевства ми севастократорь Керьсакь**“[5] .

Под власта на Никифор Исак веројатно бил и градот Прилеп, во чијашто близина имал свои феудални владенија[6]. Како крупен феудалец и наместник на Охрид, тој ѝ го подарил на црквата Св. Богородица Перивлепта во Охрид селото Родокали[7]. Овој виден феудалец управувал со Охрид до втората половина на 1344 или првата половина на 1345 година, кога поради „зговорот“ или „ метежот“, кралот Душан го лишил од власта и за нов управник на Охрид го поставил Бранко Младеновиќ[8].

Видните византиски феудалци што преминале на страната на Стефан Душан не останале негови верни вазали. Користејќи се од погодните прилики што им ги давала блискоста на Византија, тие тежнееле кон отцепување од Душана и повторно враќање во византиска служба. Таков бил случајот со Хреља, којшто независно од привремениот успех да создаде свое сопствено кнежевство, сепак, тој не се отцепил од власта на српскиот владетел[9], затоа што условите во почетокот на четвртото десетлетие на XIV век сè уште не биле поволни за трајно отцепување. Авторитетот на Стефан Душан во тоа време бил значителен поради неговите големи успеси при завладувањето на останатиот дел од византиските владенија во Македонија. Тоа несомнено влијаело и на карактерот на современите извори, во кои најчесто се зборува за нови завладувања или за прогласувањето на царството во 1346 година, а тонот на изворите од српско потекло е евидентно па-

---

[4] Ст. Новаковић, Законски споменици, 672; М. Динић, За хронологију..., 4; Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности..., 119; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија во XIV век. - Сп. Историја, VI/1 Скопје 1980, 170-171; Б. Панов, Охрид и неговата област..., 239.

[5] Ст. Новаковић, Законски споменици, 672-674; М. Динић, За хронологију..., 4-5; Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности ... ,119; Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у српском царству.- Зборник Филозофског факултета. XI/1, Београд 1989, 188; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 170; Б. Панов, Охрид и неговата област... , 239.

[6] Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности ..., 119 ; Л.Славева - В. Мошин, Втората Душанова грамота за манастирот Трескавец. - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, IV ,Скопје 1981, 107.

[7] Ст. Новаковић, Законски споменици, 673-674; И. Снегаров, История на Охридската архиепископия. I. 324 ; Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век.София 1958, 22 ; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архепископија, 171; Истиот, Нови сознанија за живописот на Климентовата црква Св. Пантелејмон во Охрид... Семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје 1976, 5-6.

[8] Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам... , 66.

[9] За Хреља види : А.Атанасовски, Пијанец во XIII и XIV век, Куманово 1996, 74-85; истиот: Македонија во XIV век, (докторска дисертација во ракопис), 121- 133.

негиричен. Но, сепак, во нив има извесни, макар и одделни, податоци за тоа дека меѓу одделните феудалци или феудални групи во Македонија не бил угаснат стремежот за политичко отцепување и образување на самостојни владенија. Така, на пример, рускиот истражувач Е. П. Наумов, по анализата на т.н. „Втора Трескавичка грамота“ (или „варијанта Б“ според означувањето на Б. Ферјанчиќ), издадена од Стефан Душан за манастирот Трескавец кај Прилеп во 1343-1344 година[10], дошол до заклучок дека кон крајот на 1344 или почетокот на 1345 година во Југозападна Македонија (Охридско, Костурско и Прилепско) бил организиран заговор на група властели, против кои српскиот владетел презел строги мерки[11] .

Аргументи за оваа своја хипотеза рускиот учен наоѓа во тоа што имињата на тие феудалци - севастократорович Константин (според Е. Наумов тој бил син или роднина на севастократорот Исак), тепчија Градислав и кастрофилакс Драгоман[12] не се среќаваат во текстот на Третата трескавичка грамота, каде што фигурираат нивните земјишни дарови за манастирот на истиот начин како и во Втората грамота. Во „бришењето“ на имињата на споменатите феудалци од Третата трескавичка грамота се наѕира обидот да биде уништен споменот за нив, коешто не можело да биде без сериозна основа. Освен ова, со постоењето на евентуален заговор против Стефан Душан во Југоисточна Македонија и дел од Албанија, Е. Наумов ја објаснува и противречноста меѓу српските и византиските извори по однос на хронологијата на српското завладување на Охрид, Костур и Прилеп. Според остроумната претпоставка на рускиот учен, српскиот владетел бил принуден да ги презема споменатите градови двапати: еднаш од Византијците и втор пат од непокорните феудалци, откако го задушил нивниот отпор.[13] Всушност сличен бил и случајот со Струмица, преземена од Душан повторно во 1343 година, по ликвидирањето на кнежевството на Хрељa.

За да ги спречи тежненијата на македонските феудалци кон осамостојување, Душан презел остри мерки во кои биле вклучени и присилни преселувања на „верни феудалци“, пред сè од матичните српски

[10] Б. Ферјанчић, Повеља краља Душана манастиру Трескавцу. - ЗРВИ, 7, Београд 1961, 161-168; Р. Михаљчић, Селишта. - Зб. Филозовског факултета у Београду. IX/1, Београд 1967, 209, бел. 9, 211. Спореди и Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности..., 111-115. Сп.: Л. Славева - В. Мошин, Втората Душанова грамота на манастирот Трескавец, - Споменици...,IV.

[11] Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности... ,114; Истиот, Феудалниот сепаратизам, 66; Хр. Матанов, Югозападните български земи през XIV век. София 1986, 34.

[12] Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам... , 66.

[13] Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности... ,114; Истиот, Феудалниот сепаратизам, 66.

земји во Македонија. Таков бил случајот со Бранко Младеновиќ во Охрид,[14] Прељуб во Сервија, за кого што Ј. Кантакузин вели: „Тој град (Сервија -б.м.) не беше мал, беше расположен во пограничните области на Беотија и Тесалија. Го управуваше заедно со цела Тесалија Прељуб, еден од велможите на кралот.... Тој град е расположен на една планина... Прељуб, којшто се наоѓаше во него, немаше потреба од ровови или од грижа да го утврдува. Даденото од природата беше доволно... . Како што се зборуваше, тој имаше над петстотини души (Трибали). Се зборуваше дека тој (Прељуб) бил оставен во градот против својата волја“[15].

За неверни феудалци станува збор и во потврдната грамота на Стефан Душан за баштината на властелинот Иванко Пробиштитовиќ од 28 мај 1350 година, каде што во чл. III се вели: **„И у сием́зи записани да му се не потвори цар́ствомь ми развѣ едине невѣре, а ни за едное инѡ сьгрѣшьние“[16] .**

Тенденциите на феудалците од Македонија за осамостојување се зголемиле особено по офанзивата на Ј. Кантакузин од 1350 година. По ликвидирањето на власта на Зилотите во Солун (почетокот на есента во 1350) Ј. Кантакузин тргнал во противофанзива кон Србија и за кратко време ги освоил важните градови во околината на Солун, пред сѐ Верија и Воден.[17] Додека Кантакузин престојувал во Верија „кај него дојдоа пратеници од најпознатите градови, кои од старо време беа потчинети на Ромеите и беа немалку време потчинети на Трибалите, за да преговараат тајно и да го молат да отиде кај нив така што сакале да го примат откако ќе ги изгонат Трибалите. Пристигнаа неочекувано пратеници не само од другите (градови), но и од самиот град Скопје“.[18]

Според зборовите на Ј. Кантакузин во тоа време Душан бил зафатен во војна со Унгарците и населението од македонските градови го повикало него да им помогне да ја отстранат српската власт. „Кра-

[14] Laonici Chalkondylae Atheiniensis Historiarum. Bonnae, 1843, p. 29, 53; Л. Славева - В. Мошин, Втората Душанова грамота за манастирот Трескавец. - Споменици..., IV,107; Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам, 70; Р. Михаљчић, Крај српског царства...Београд 1975, 217.

[15] ГИБИ, X, 385-386.

[16] А. Соловјев, Одабрани споменици српског права (од XII до XV век). Београд 1926, 151. За неверата поопширно види: А. Соловјев, Законодавство... , 171- 175; Т. Тарановски, Историја српског права у Немањичкој држави, II, Београд 1935, 112- 115.

[17] Ioannis Cantacuzeni imperatoris historirum libri IV. Ed. L. Schopen. T. II. Bonae 1830 (Cant. III,) 118-130; ГИБИ, X, 388; Византијски извори за историју народа Југославије, VI, Београд 1986, 498 -511; Б. Ферјанчић, Стефан Душан и српска властела у делу Јована Кантакузина.- ЗРВИ, XXXIII. Београд 1994 , 180, 188. За имињата на градовите што ги освоил Ј. Кантакузин спореди : Cant. III. 130; Византијски извори, VI, 512.

[18] Cant. III. 133-135; ГИБИ, X, 387; Византијски извори,VI, 517-521.

лот (С. Душан, б. м.) тогаш беше презел поход против Пеонците (Унгарците, б.м.), кога разбра дека императорот доаѓа не се осмели да му се спротистави иако имаше голема војска. А потоа граѓаните на Скопје испратија пратеништво кај него, му соопштија за ненадејното идење на императорот и го замолија да им помогне ако Ромеите ги нападнат"[19]. Душан ги одбил барањата на пратениците од Скопје и им советувал „да се спасуваат кој како може". Тие се посоветувале меѓусебе и решиле: „штом нивниот владетел со толкава голема војска од голема глупост не смее да им се спротистави (на Ромеите, б.м.), отидоа кај императорот и му го предадоа градот, пред да бидат уништени".[20]

Откако поминала опасноста, Душан ги обвинил Скопјани за предавство, тие се појавиле на судот пред кралот „обвинети за отцепништво". Но, тие лесно го отфрлиле обвинението бидејќи нивниот архиепископ бил судија. Тој потврдил дека „тие ништо не згрешиле ако се посоветувале заедно, за тоа што е корисно и разумно за нив и решиле да се потчинат на посилните, бидејќи Кралот не само што не посакал да им помогне, но и ги советувал да се спасуваат. Така сите градови тогаш беа опфатени од страв и посакаа да поминат доброволно на страната на императорот"[21] . Тогаш се покренале и најмоќните меѓу „Србите кои од порано кон Ј. Кантакузин биле благонаклонето расположени и сакале тој да им царува"[22] . Некои од нив тајно го поттикнувале да отиде кај нив за да можат да содејствуваат во сè што може. „Двајца од нив пристигнаа како дезертери. Едниот од нив беше од највидните, роднина на кралот, наречен Хлапен. Тој имаше под своја власт значителна војска и големо богатство. А другиот, по име Толислав, не беше толку познат, но и тој управуваше градови и командуваше војска. И двајцата на императорот му донесоа посланија од други велможи дека и тие откако ќе се отцепат ќе војуваат на негова страна, ако нападне кралот. А императорот, не располагајќи со доволно војска, реши дека не треба да се изложува на опасности, но да тргне на поход откако ќе се подготви."[23]

Душан, свесен за опасноста која се надвиснала над неговите поседи, побрзал од далечното боиште против Босна и стигнал во близина на Солун (крајот на 1350 год.)[24] . Притоа го обвинил Ј. Кантакузин дека се покажал неблагодарен кон него и дека го заборавил сето она

---

[19] Cant. III. 133-135; ГИБИ, X, 387; Византијски извори,VI, 517-521
[20] Cant. III. 133-135; ГИБИ, X, 388; Виз. извори,VI, 517 - 521.
[21] Cant. III. 133-135; ГИБИ, X, 388; Виз. извори,VI, 517 - 521.
[22] Б. Ферјанчиќ, Душан и српска властела... , 188.
[23] Cant. III. 135; ГИБИ, X, 388; Византијски извори, VI, 520-521.
[24] Б. Ферјанчиќ, Душан и српска властела... ,180-181.

добро што порано од него го доживеал. Дека ја искористил приликата и ги освоил Душановите градови во кои запленил многу богатства, а тоа не требало да го прави, туку да го чува пријателството кон него. Српскиот цар му предложил да се сретнат и да ги „решат недоразбирањата и да ги обноват договорите“[25] .

Привремено состојбата била смирена. Но, српските преселеници на македонската територија не се чувствувале сигурни. Тоа може јасно да се заклучи од грамотата на цар Душан за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година, со која ја дарувал споменатата црква на серскиот митрополит Јаков. Во чл. 1 од грамотата се вели: „**да моу ѥсть ѡндѣзи прибѣжище и покоище, или моу се слоучи немошь или коѥ прѣселѥниѥ вол҆но а или нооуждьно,...**“[26].

Додека бил жив цар Душан успевал да ги избалансира тенденциите кон самостојност на феудалците од Македонија. По смртта на Душан уште повеќе дошле до израз децентралистичките сили[27]. Неговиот син и наследник Урош V (1355 - 1371 год.) бил само сенка на својот татко. Уште во првите години на неговото владеење се јавиле симптоми на распаѓање на српското царство. Во постарата литература, а неретко и во поновите истражувања на положбата во српската држава, а особено во земјите на југ, по смртта на Душан, се одразува на следниот начин. Цитирајќи го Кантакузин, кој што со нескриена злорадост го опишува распаѓањето на српското царство и создава впечаток дека тоа се случило „едвај не веднаш по декември 1355 година“. Потоа следи еден „список“ на феудални владетели и кнежевства, изникнати во границите на Душанова Србија, при што ретко се води сметка за времето на нивната појава.[28]

Во последните години беа внесени суштински корекции. Направени беа сериозни обиди да се проследи прецизно, во хронолошки и територијален опсег, процесот на формирање на феудалните кнежевства во „Романија“, во тој број и во Македонија[29]. Како резултат на тоа

[25] Cant. III. 137 ; Византиски извори, VI, 524 ; Т. Флорински, Славяне и Византия. I. 11; А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половин на XIV век.- Годишен зборник на Филозофски факултет - Скопје, 22 (46), Скопје 1995 , 234.

[26] Л. Славева, Грамота на цар Душан за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година. - Споменици, III. Скопје 1980, 416.

[27] Поопстојно за тоа види: Е. П. Наумов, Петте последни години на Стефан Душан.- Сп. Историја, бр. 2. Скопје 1970, 103; Истиот, Феудалниот сепаратизам, 75.

[28] Спореди: К. Јиречек, Историја Срба. I.Београд 1978, 237 ; Ив. Дуйчев и П. Мутафчиев, История на българския народ. II, София 1944, 217 ; Н. Радојчић, Српски државни сабори, 145; Х. Матанов, Югозападните земи, 55 и бел.1 со цитираната поважна литература.

[29] Г. Острогорски, Серска област...; Р. Михаљчић, Крај српског царства.; Историја српског народа. I.Београд 1981, 566; Х. Матанов, Югозападните земи, 55-70.

се дојде до потценување на некои изворни податоци и се направи обид почетната етапа од распаѓањето на српското царство да се сврзе не со центрифугалните сили, акумулирани уште пред 1355 година, колку со причини од надворешно политичка природа[30] .

Проблемот за распаѓањето на српското царство Х. Матанов го поврзува со политичката историја на Македонија во третата четвртина на XIV век. За ваквото свое гледиште Матанов се повикува на изворите, а не на искажаните гледишта во литературата. Пред сè, тој ги има предвид податоците што ги даваат византиските автори од тој период: Јован Кантакузин, Никифор Грегора и Лаоник Халкондил, како и Јанинската хроника[31] . Најблиску до периодот е „Римската историја" на Н. Грегора, којашто завршува со настаните од 1358 година. Грегора зборува за „немири и бури" во кои што Матанов смета дека треба да се подразберат два настана: настаните во териториите управувани од Урош и походот на византискиот деспот Никифор Орсини во Тесалија и Епир, којшто довел до нивно откинување од српската држава. Тие податоци се однесуваат за периодот од почетокот на 1356 до крајот на есента 1358 година, кога што завршува историјата на Н. Грегора[32].

Ј. Кантакузин исто така зборува за настаните по смртта на Душан, при што се задржува на борбата помеѓу Урош и чичко му Симеон.[33] Потоа се задржува на настаните во Сер, каде што „се отцепила царицата Елена" и започнала да управува самостојно. На крајот, Кантакузин зборува за поведението на крупните српски феудалци, кои ги прогониле поситните, ги потчиниле соседните градови и учествувале во борбата меѓу цар Урош и Симеон, но не како нивни потчинети, туку како нивни сојузници. Така српското царство, заклучува Ј. Кантакузин, се разделило на „безброј делови".[34]

Кон овие податоци на Кантакузин треба да се однесуваме со внимание. Византискиот историчар бил сведок на целиот процес на распаѓањето на српската држава и го одразил тоа ретроспективно под влијание на подоцнежните настани.[35] Во неговото дело има податоци кои не се потврдени од други извори, а хронологијата му е измешана.

Халкондил, пак, го пишувал своето дело повеќе од еден век по настаните од средината на XIV век. Во него дава различна слика од

---

[30] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 12; 23; Историја српског народа. I. 566-573.

[31] Х. Матанов, Югозападните земи, 56-57.

[32] Gregoras, III, 556 - 573; Х. Матанов, Югозападните земи, 56.

[33] Cant. III. 314.

[34] Исто, 314.

[35] D. Nicol, Kantakuzenos... 100-101 претпоставува дека Кантакузин го завршил своето дело во 1369 година.

онаа што ја даваат Грегора и Кантакузин. Според него, по смртта на Душан секој од неговите наместници, коишто тој ги наведува по име, но доста неточно и измешано, „задржал и ги управувал доверените земји“. Тие „наследници“ на Душан, според Халкондил, „се договориле да живеат во мир и да се воздржат од меѓусебна војна, а ако се даде можност - да нападнат и да војуваат со Елините“[36]. Овие податоци не наоѓаат поткрепа во другите извори.

Анонимната „Јанинска хроника“, пишувана во почетокот на XV век, содржи поединости, неодразени во претходно наведените извори. Во неа се опишани само настаните во Северна Грција и Јужна Македонија во 50-тите години на XIV век.

Од изнесеното јасно се гледа дека само грчко-јазичните наративни извори не се во состојба да овозможат јасна претстава за положбата во Македонија како целина, по смртта на Душан. Од нив, сепак може да се направи заклучок дека распаѓањето на српското царство започнало уште во првите години по 1355 година. Ако се споредат и другите изворни материјали: монети, грамоти, записи и сл., може да се заклучи дека отпаѓањето на Македонија од српското царство се случило на етапи - од 1356 година до средината на 60-тите години на XIV век.[37]

Причина за прифаќање на ваквото гледиште е фактот што претставниците на одделни византиски фамилии, директно засегнати од српското проширување, веднаш по декември 1355 година прават обиди „да си го вратат заграбеното“. Таков е случајот со деспот Никифор Орсини, којшто во пролетта 1356 година успеал многу лесно да ги заземе сите земји во Северна Грција[38]. По оваа акција следеле и други настани кои ја засегаат директно положбата во Македонија: српскиот наместник во Епир - Симеон Урош Палеолог се зацврстил во Костур и започнал борба за царскиот престол во Србија со Урош V. Редица други феудалци во Македонија ја искористиле оваа ситуација и без да ги прекинуваат врските на потчинетост кон законскиот српски владетел, значително го засилиле своето влијание и можноста за самостојно дејствување. Во втората половина на 50-тите години на XIV век и во српските владенија во Југоисточна Македонија биле направени два обиди за византиска контраофанзива. Византиските феудалци - браќата Алексиј и Јован, непознати од изворите пред 1357 година,[39] самостојно, без помош од византискиот император, навлегле во областа меѓу

---

[36] Chalc. I. 25-26.
[37] Х. Матанов, Югозападните земи, 58.
[38] Cant. III. 315; Gregoas, III, 557.
[39] Спореди: Х. Матанов, Югозападните земи, 58.

устието на р. Струма и планината Пангеј (Кушница) со цел да ги завладеат овие земји. Кон крајот на 1356 или почетокот на 1357 година, тие го завладеале Христопол,[40] а меѓу април и јуни 1357 година и Христопол (ден. Кавала). За овој успех од Јован V Палеолог добиле титули: велик стратопедарх и велик примикириј.[41] Под власта на овие двајца феудалци биле териториите од устието на р. Струма до левиот брег на езерото Тахино. Тие го поседувале и с. Хандакс за кое спореле манастирот Зограф и Хиландар.[42] Во летото 1358 година ја припоиле и областа Завалтија близу до Сер.[43] Нивното напредување било запрено кон крајот на 1358 година.[44] Српската власт се помирила со губењето на трите егејски града.

Истовремено со акцијата на гореспоменатите византиски феудалци, во летото 1357 година владенијата околу Долна Струма биле изложени на обид за реокупација од страна на постариот син на Јован Кантакузин - Матеј, којшто ја управувал областа Волерон.[45] Во овој поход Матеј се судрил со војска испратена од Елена и Урош, којашто успеал на двапати да ја отфрли[46] , но неговите сојузници - Турците, му откажале послушност и се вратиле назад. При повлекувањето Матеј Кантакузин бил нападнат од месното македонско население вклучувајќи и колонизирани Срби, при што биле уништени одделни групи војска на М. Кантакузин. Самиот тој бил заробен и предаден на кесарот Воихна.

Со неуспешниот поход на М. Кантакузин во Југоисточна Македонија завршуваат обидите на византиските феудалци да ја отстранат српската власт од периферните области на „Романија" (Македонија).[47] Овие акции на одделните византиски феудалци не биле обединети и синхронизирани.

Процесот на политичко осамостојување, јасно забележлив во Југоисточна Македонија уште кон крајот на 50-тите години на XIV век, не може да се објасни само со надворешни причини. Смртта на

---

[40] Г. Острогорски, Христопољ измеѓу Срба и Византинаца.- Зборник ФФ у Београду, VIII-1, 1964, 337; Истиот, Серска област, 28 .

[41] Actes de Lavra, III, Paris, 1979, повелба No 137.

[42] Actes de Zographou, èd. Regel, Kurtz, Korablev. B. Временик, Приложение к 10 тому, 1907, No 41-42.

[43] Actes de Saint-Pantéléèmon, ed. P. Lemerle, G. Dragon, S. Circovic. Paris, 1982, No 12,100-105. Спореди и Г. Острогорски, Христопољ..., 337; Истиот, Серска област, 29.

[44] Г. Острогорски, Серска област, 16, бел. 65.

[45] За Матеј Кантакузин види: Cant. III. 322-323; D. Nicol,Kantakuzenos, 109; Х. Матанов, Югозападните земи, 59.

[46] Cant. III. 326. Во Историја српског народа. I. 567, 569 стои дека Матеј бил разбиен од „српски одреди", што е неосновано.

[47] Х. Матанов, Югозападните земи, 60.

Душан и дејствијата на византиските феудалци против српската држава се настани коишто служеле како повод за засилување, а во никој случај за победа на осамостојувачките тенденции.

Најпрвин, од српската власт во Македонија отпаднале Костур и Костурско, уште во 1356 година. Тие припаднале кон владенијата на Симеон.[48] Под негова власт Костур останал до 1360 година, кога како управник го среќаваме Радослав Хлапен.[49]

Во периодот на распаѓањето на српската држава во Македонија биле формирани повеќе феудални владенија. Овде ќе се обидеме да дадеме преглед за поважните и хронологија на нивната егзистенција.

Во Североисточна Македонија многу угледен бил севастократорот, односно деспот Дејан. За оваа историска личност се интересирале повеќе истражувачи. Сепак, неговото потекло со сигурност не е утврдено. К. Јиречек укажува на војводата Дејан Манијак кој во 1333 година учествувал во преговорите при отстапувањето на Стон и Пељешац на Дубровник. Затоа, К. Јиречек смета дека Дејан како војвода бил унапреден во чин севастократор.[50] Освен војводата Дејан Манијак, К.Јиречек сугерира и на севастот Обрад Манијак. Оваа негова сугестија ја прифаќаат В. Мошин и Л. Славева, при што напоменуваат дека „севаст“ како управник на град или област во Србија прв пат се споменува во грамотата на крал Драгутин за Хиландар и тоа во однос на Призренската област.[51]

Инаку фамилијата Манијак припаѓала на старата византиска аристократија (војсководач Георгие Манијак во првата половина на XI век). Севастот Обрад Манијак се споменува во Милутиновата сводна грамота за Хиландар каде што се вели: **„... а те мегю оутеса сѣвасть Ѡбрадь Маниıакь“**[52] . Името на Обрад, според В. Мошин и Л. Славева, сведочи дека во ова време фамилијата се словенизирала. Во 30-тите години на XIV век Дејан Манијак бил болјар и станал маж на Душановата сестра Теодора. Токму затоа во грамотата на царот Стефан Душан за манастирот „Архиљевица“ од 1354 - 1355 година го нареку-

---

[48] Исто, 61; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 172; Истиот, Охридското ѕидно сликарство од XIV век. Охрид 1980, 16, 103 и сл.

[49] Повѣсть Комнена монаха и Прокла Монаха о различитимъ деспотима Епира, и о тирану Томи деспоту и Комнену и Прељубу. - Гласникъ друштва србске словесности, кн. XIV, Београд 1862, 241 (натаму скратено: Гласник ДСС,XIV); Х. Матанов, Југозападните земи, 62.

[50] К. Јиречек, Историја Срба. I. 222 бел.50. Спореди и Ст. Новаковић, Законски споменици, 298, 394.

[51] В. Мошин - Л. Славева, Сводна грамота на крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија од 1303 година. - Споменици...I, Скопје 1975, 310 бел. 18.

[52] Исто, 310.

ва Дејан **„брату царьства ми“**[53] - формула што се користела за зетовците. До Дејан, како угледен великаш на српскиот двор, папата Инокентиј VI ги препорачал своите пратеници кои во мај 1355 година дошле да водат преговори за склучување на црковна унија и организирање акција против Турците.[54] Угледот и моќта на Дејан постојано растеле. Својата кариера Дејан ја завршил со високата титула „деспот“.[55] Со оваа титула Дејан се среќава на натписот на фреските во манастирот Белово, кај Земен.[56] Помеѓу владетелите и властелата во Пчинскиот поменик од XV век е забележано името на **„раба божиа Деѩна (деспоть)“.**[57]

Според Р. Михалчиќ титулата „деспот“ Дејан ја добил од цар Урош[58]. В. Мошин и Л. Славева се на мислење дека Дејан ја добил титулата „деспот“ во времето кога била пишувана „Втората трескавичка грамота“ т. с. 1343- 1344 година[59]. Во прилог на тоа дека Дејан носел титула Деспот зборува и податокот што неговата жена Теодора-Евдокија се нарекувала „царица“, на што, како жена на деспот, имала право[60].

За дејноста на Дејан по 1355 година немаме податоци. Но, неговата област, како и др. феудални области, се формирала во времето на опаѓањето на централната власт за времето на Душановиот наследник. Титулата деспот одговарала на неговата сила. Тој управувал со пространа територија помеѓу Скопска Црна Гора и р. Струма.[61] Јадрото на баштината на Дејан во средината на 50-тите години на XIV век го сочинувале средновековните жупи Жеглигово и Прешево.[62] Фактот

---

[53] Ст. Новаковић, Законски споменици, 738 - 740. Во архивата на В. Мошин е датирана во 1349 година. За жените на Дејан спореди: Х. Матанов, Княжеството на Драгаши, София 1977,16-33.

[54] Monumenta Hungarie, II, 15-16; М. Пурковић, Авињанске папе и српске земље. Пожаревац 1934, 62, 63; Б. Ферјанчић, Деспоти, 169; Истиот, Севастократори, 6-7; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 67; Х. Матанов, Югозападните земи, 39, истиот: Княжеството на Драгаши, 47.

[55] Б. Ферјанчић, Деспоти, 168; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 67; Х. Матанов, Княжеството на Драгаши, 49-50.

[56] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 70; В. Марди-Бабикова, Земенската църква Св. Иоан Богослов в светлината на нови дании. София 1995.

[57] Ст. Новаковић, Пшињски поменик. - Споменик СКА 29 (1895), 9; М. Рајичић, Севастократор Дејан, 20.

[58] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 68.

[59] Л. Славева - В. Мошин, Втората Душанова грамота за манастирот Трескавец. - Споменици, IV, 107.

[60] Ст. Новаковић,Законски споменици, 446, 454, 510; М. Рајичић, Севастократор Дејан, 22; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 68; Х. Матанов, Княжеството на Драгаши, 51.

[61] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 68; Х. Матанов, Югозападните земи, 38; истиот, Княжеството на Драгаши, 53-74.

[62] М. Рајичић, Основно језгро државе Дејановића. - ИЧ, 4, 1952-1953, 241; Р. Михаљчић, Кај српског царства, 68; Х. Матанов, Югозападните земи, 39.

што манастирот Архиљевица не го обновил туку го изградил, сведочи за неговата економска моќ.[63] На Дејановата задужбина цар Душан, од своја страна, ѝ подарил црква и метох Господино Поле и селата Козница, Кричановско и Стројково.[64] Овие места се убицирани во Струмскиот крај, близу до Велбужд. Тие не влегувале во Дејановата баштина, но несомнено биле во рамките на областа со која управувал. Ова го збунило М. Рајковиќ. Територијата која М. Рајковиќ ја предлага за основно јадро на државата на Дејанови била всушност Дејановата баштина и според тоа основно јадро на Дејановата држава, а не на неговите синови. Основното јадро на државата на Дејановите синови била Дејановата област.[65] Таа се состоела од баштинатa и имотите кои нивниот татко ги придружил на своето властелинство во времето на опаѓањето на централната власт. Нормално, подоцна Дејанови ја прошириле областа на својот татко.[66]

Дејановата баштина - жупите Жеглигово и Прешево се простирале помеѓу Пчиња, Јужна Морава и Скопска Црна Гора. Источно од Жеглигово и Прешево, околу горниот тек на р. Струма со Велбужд, се протегала „државата“[67] на деспот Дејан. Тој овие краеви, со кои управувал во име на централната власт, ги споил со својата баштина за време на цар Урош и формирал самостојна област која била основа на државата на неговите синови. Р. Михаљчиќ е на мислење дека Дејан за кратко време ја проширил својата власт на југоисток, до близината на Мелник. Како аргумент за тоа го наведува натписот од Беловскиот манастир,[68] за кого мисли дека ктитор му бил Дејан. Ова гледиште е оспорено од Л. Мавродинова.[69]

До кога Дејан ја управувал својата „држава“ не се знае со сигурност. По неговата смрт, за сметка на неговите територии, се проширил Влатко.

---

[63] Ст. Новаковић, Законски споменици, 738-739. За датирањето на грамотата види: Х. Матанов, Югозападните земи, 53 бел. 130; Л. Славева - В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 155-159.

[64] Ст. Новаковић, Законски споменици, 738, 740.

[65] М. Рајић, Севастократор Дејан, 22; Истиот, Основно језгро државе Дејановића, 228. За областа на Дејан спореди карта 1 кај А. Атанасовски, Македонија во XIV век 167-168.

[66] За територијата на Дејан спореди: М. Рајичић, Основно језгро, 240; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 69.

[67] Под „држава“ се подразбира територија дадена на управување (држење).

[68] Ђ. Стричевић, Једна хипотеза, 115; Й. Иванов, Старински църкви в Югозападна България.-ИБАД. III, 1912-1913 , 64; Љ. Стојановић, Записи и натписи, IV, 15, No 6068; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 69, 70.

[69] Л. Мавродинова, Земенската црква ..., 132. Таа ги датира фреските во Земен од крајот на XIII век или почетокот на XIV век.

Баштината на Влатко пред 1355 година се наоѓала околу Псача (Источна Македонија), не е исклучена можноста тоа да била баштина и на татко му, кнез Паскач.[70] Оваа баштина подоцна послужила како јадро за создавање на полунезависно кнежевство. Биографот на Стефан Лазаревиќ - Константин Филозоф, вели дека Влатковиот син кесар Угљеша, ја наследил „земјата своја отаческа Врање, Иногоште и Прешево".[71] Од ова може да се претпостави дека и властелинот Влатко управувал со овие краишта. Ако е тоа точно, тогаш Влатко го проширил својот имот за сметка на Дејан или на неговите синови. Господарот на Славиште веројатно ја искористил деспотовата смрт за да го одземе од малолетните Дејанови синови Прешево. Кон својата област ја придодал и жупата Врање, која за време на Стефан Душан ја држел жупанот Маљушат Багаш.[72] Кога точно Врање било вклучено под управата на Влатко не се знае со сигурност.[73] Кон крајот на XIV век еден член од фамилијата Багаш - Никола Балдуин Багаш, го среќаваме далеку на југ, во околината на Костур.[74] Од расположливите извори не сме во можност да утврдиме дали Влатко ги истиснал Багаши од Врање или оваа жупа ја добил по нивното заминување на нов имот, како што било случај со повеќе феудалци во време на српските освојувања на југ.

Проширувањето на власта на Влатко, довело прилично големата област на деспот Дејан да биде стеснета и сведена на жупата Жеглигово и Горно Пострумје.[75] Не е исклучена можноста дел од некогашната Дејанова покраина да зел и деспот Јован Углеша.[76]

Во секој случај, односот помеѓу централната власт и Влатко останал непоматен. За тоа сведочи и податокот што во црквата Св. Никола, која овој властелин „ја соѕидал на својата баштина Псача" во жупата Славиште[77], се живописани портретите на цар Урош и крал Волкашин покрај портретот на ктиторот Влатко и неговата фамилија: сопругата Владислава и синовите Стефан и Угљеша. Близу до портретот на ктиторот на оваа црква некогаш стоел натпис „**севас-**

---

[70] Х. Матанов, Югозападните земи, 41.

[71] К. Филозоф, Живот Стефана Лазаревића. - Гласник 42 (1875), 282.

[72] А. Соловјев, Повеља краља Душана о манастиру Св. Николе у Врању.- Прилози за КЈИФ 7 (1927) 111-114,1965, Ђ. Сп. Радојичић, Феудална породица Багаш, 20; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 73.

[73] Ђ. Сп. Радојичић, Феудална породица Багаш, 20.

[74] St. Binon, Les origines legendeires et histoire de Xeropotamou et de Saint Paul de Athos. 1942, 265- 268; Ђ. Сп. Радојичић, Феудална породица Багаш; Р. Михалчић, Крај српског царства, 73.

[75] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 73-75.

[76] Исто, 75; А. Атанасовски, Пијанец, 114.

[77] Ст. Новаковић, Законски споменици, 435; А. Соловјев, Одабрани споменици, 155.

**тократорь все срьпьске землѥ Влатко**".[78] Со оглед на тоа што во црквата се наоѓаат еден до друг портретите на цар Урош и крал Волкашин, Р. Михаљчиќ е на мислење дека црквата била живописана во време на совладетелството (1365 - 1371 год.).[79]

Титулата „севастократор" Влатко веројатно ја добил во времето на прогласувањето на Волкашин за крал.[80] Титулата севастократор на Влатко можел да му ја даде и цар Урош.[81]

Овој феудалец прилично зајакнал, бидејќи со жупите Врање и Прешево тројно ја зголемил својата територија. Меѓутоа, релативно малиот обем на неговата област не му дозволил целосно да се осамостои. Малку чудна е неговата титула „севастократор све српске земље", која не ги одразувала неговите претензии.[82] Влатко ја признавал врховната власт на Урош и Волкашин веројатно до крајот на нивното заедничко владеење. Царот Урош V на неговиот малолетен син Угљеша, му доделил титула „кесар".[83]

Ова гледиште го поматуваат монетите со натпис „Влатко" кои внесуваат забуна во заклучоците за зависноста на севастократорот Влатко од централната власт. Со тоа што на легендата на овие примероци не е забележана титулата, Б. Ферјанчиќ претпоставува дека Влатковите монети се од времето кога овој властелин немал титула севастократор.[84]

Доколку емитувањето на монети е симбол на самостојност, тогаш ниту севастократорот Влатко не бил исклучок. Но, останатите, додуша не многубројни податоци нѐ уверуваат дека овој феудалец не ги прекинувал добрите односи со царот Урош и кралот Волкашин, што би одело во прилог на мислењето дека Влатковите монети се ковани пред 1365 година.[85]

Според мислењето на Х. Матанов, кое ми се чини најблиску до реалноста, Влатко - феудалецот од Псача - ја признавал власта на цар Урош, а истовремено бил приврзаник на Волкашин. Матанов не ја исклучува можноста Влатко со Волкашин да бил врзан преку роднински

---

[78] Записи и натписи. IV, 15 бр. 6060; Н. Окунев, Портеты королей-ктиторовъ въ сербской церковной живописи,- BSL, 2 (1930), 93; Р. Михаљчић, Крај српског царства,75.

[79] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 75. Повеќето истражувачи мислат дека храмот е живописан непосредно по XIII (1838), 72, бел. 3, со старата литература.

[80] Б. Ферјанчић, Севастократори, 9.

[81] Исто, 9.

[82] Слични податоци среќаваме и кај други феудалци: Ј. Оливер, кнез Војислав Војиновиќ. Види: Ђ. Сп. Радојичић, Севастократор Влатко, 73; Б. Ферјанчић, Севастократори, 9-10.

[83] Н. Окунев, Портреты..., 93 ; Б. Ферјанчић, Севастократори..., 15.

[84] Б. Ферјанчић, Севастократори..., 9.

[85] Ђ. Сп. Радојичић, Севастократор Влатко, 73-74.

врски.[86] Со поткрепа на Волкашин и Углеша, „севастократорот од Псача успеал значително да ја прошири својата територија на северозапад за сметка на наследниците на деспот Дејан“.[87] Според подоцнежните извори, под негова власт до 1371 година биле областите Прешево и Врања.[88] По 1371 година му се губи трагата на овој феудалец.

Јужно од имотите на севастократорот Влатко и деспотот Дејан, во пределите околу Радовиш, помеѓу течението на р. Струмица и планините Плачковица, Малешевски и Огражден, се наоѓала баштината, а веројатно и областа на „велики војвода Никола“.[89]

Неговото потекло досега не е утврдено. Тој бил царев роднина. Во повелбата на цар Урош од мај 1366 година тој е наречен **„много вьзлюблѥнни властелинь и брать царьства ми“.**[90] За какво сродство се работи не ни е познато. Но, се знае дека како Душанов војсководач, Никола добил баштина **„ своѥи башинѣ записнои що моу ѥ записаль и оутврьдиль родитель царьства ми оу бащиноу до вѣка“.**[91] На својата баштина Никола го изградил манастирот Св. Стефан. На манастирските имоти доселил свои луѓе и формирал нови села, од кои на некои и имињата не им се наведени. Тие нови села биле формирани на „требежи“, во шумските предели. Самото с. Конче било формирано на таков требеж[92], а во него имало 12 „требежи“ [93]-ниви кои што ги создале доселениците.

Ако се суди според имињата и презимињата на населените луѓе, паѓа в очи дека доминираат Македонците: **„ Ивань Саковь, Стано Драганишевь, Коѡ Минановь, Маноило Стаѡвь, Прьве Бацовь, Иван Баловь...“**[94]. Како Срби може да се прифатат 7 имиња: **„ Стань Брановикь, Мано Аньдрониковикь, Мурьтать Брачевикь, Деѧнь Милановикь, Драгославь Беловик, Стаѡ Братиловикь, Трипуна Прибатовика“.**[95] Неколку имиња асоцираат на грчко потекло. Од тоа може да се претпостави, бидејќи населените луѓе биле „негови“, дека овој феудалец бил по потекло од Македонија и дека преминал во служба

---

[86] Х. Матанов, Југозападните земи, 78.

[87] Исто, 78.

[88] В. Јагић, Константин Филозоф и његов живот Стефана Лазаревића, деспота српског. - Гласник СУД, 42, 1875, 282.

[89] Ст. Новаковић, Законски споменици, 444-445; А. Соловјев, Кончански практик.- ЗРВИ, 3 Београд 1955, 84.

[90] А. Соловјев, Кончански практик, 91.

[91] Исто, 91-92.

[92] Исто, 92, бел.1.

[93] Исто, 88-89, 101.

[94] Исто, 85-87, ги има повеќе, околу 40 души.

[95] Исто, 85-87.

кај Душан, кој што можеби му ја потврдил баштината што Никола ја држел и додека бил под византиска власт. На таков заклучок наведуваат и големиот број македонизми во Кончанскиот практик, како на пр. „дим, димнина, надимице“ за кои што А. Соловјев тврди дека се типично македонски.[96]

Погоре споменавме дека Никола бил ктитор на манастирот Св. Стефан во Конче. За тоа сведочи и натписот на една плоча во оваа црква.[97] На молба од овој феудалец, цар Урош црквата во Конче, во мај 1366 година, ја потврдил на Хиландар „**вь спомень царства ми и вь помень брата царства ми воѥводе Николе“.**[98] Заедно со црквата во Конче, Хиландар добил повеќе од 14 села.[99] Овој имот се состоел од баштината на војводата, купеници и требежи на кои војводата населил отроци.[100] Великиот војвода Никола ја подарил својата задужбина и ја дал на Хиландар на крајот од политичката кариера, кога и самиот се повлекол во манастир. Р. Михаљчиќ претпоставува дека „можеби последните денови ги поминал во Хиландар“.[101]

Бидејќи во повелбата не се споменати никакви наследници, А. Соловјев е на мислење дека Никола немал потомство и затоа целата своја баштина ја подарил на Хиландар, за помен на својата душа.[102]

Кон централната власт т.е. кон Урош, војводата Никола останал верен. Тоа го покажува повелбата од мај 1366 година. Со оглед на тоа што цар Урош ја потврдува на Хиландар војводината баштина во 1366 година, Р. Михаљчиќ претпоставува дека Никола исчезнал од политичката сцена во првите години на заедничкото владеење на Урош и Волкашин. Притоа ја допушта можноста да бил со сила истиснат. Потоа неговата држава ја зазеле Волкашин и Марко.[103]

По 1366 година, војводата Никола не се споменува во изворите и затоа нема причина да не му веруваме на Р. Михаљчиќ.

Од периодот на српското владеење во Македонија изворите зачувале имиња и на други феудалци коишто имале административна

---

[96] Исто ; Спореди и: Ст. Новаковић, Законски споменици, 609, 614, 407, 680, 696, 709, - сите спомнувања се во грамоти на српските владетели што се однесуваат за имотите во Македонија.

[97] Натписот го објавил В. Петковић, Записи и натписи у старим црквама српским. - Старинар 11-12 (1935), 45.

[98] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 77.

[99] Богословље 4 (1927), 292; А. Соловјев, Кончански практик, 85-88, 92.

[100] А. Соловјев, Кончански практик, 85 и сл.

[101] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 78.

[102] А. Соловјев, Кончански практик, 92.

[103] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 78. Слично се произнел и Х. Матанов, Югозападните земи, 79.

власт и баштини во неа. Познато е на пр. дека феудалецот Бранко Младеновиќ бил наместник на Стефан Душан во Охрид, при што поседувал опширна баштина околу Призрен и Вучитрн и по поречието на р. Дреница[104].

Севастократорот Бранко потекнувал од истакнато благородничко семејство што го поддржувало Душановиот подем, а неговите претставници, за заслугите во војните, преземале функции во новоосвоените краишта. Татко му на Бранко, војводата Младен уште во времето на Стефан Дечански и Душан се појавува во приморјето, а чичко му, жупанот Никола, во Северна Албанија.[105]

Напред истакнавме дека во почетокот на 50 -тите години на XIV век во Охридско бил организиран заговор против Душан на чело со севастократорот Керсак. По сè изгледа по ликвидирањето на овој заговор, Душан како наместник во Охрид го испратил севастократорот Бранко.[106] Тој продолжил да владее во Охридскиот крај и по смртта на цар Душан во 1355 година. Е. Наумов е на мислење дека реонот на градот Охрид се одделил како самостојна феудална држава.[107]

Аргументи за ова тврдење нема доволно. Напротив, во 1361 година кесарот Гргур Голубиќ[108] ја издигнал црквата Св. Богородица Заумска во Охридско, а во ктиторскиот натпис изрично е забележано дека тоа се случило „за време на царувањето на цар Урош"и[109]. Името на Урош **„ц(а)рь ур(ѡ)шь"** се среќава во Галеријата на црквата Св. Софија во Охрид[110]. Исто така името на Урош се споменува и во северниот анекс на црквата Св. Богородица Перивлепта[111].

Имајќи ги предвид овие податоци можеме да се сложиме со гледиштето на Х. Матанов дека: „Во градот Охрид продолжил да управу-

---

[104] Љ. Стојановић, Записи и натписи. Т. I. No 84; Љ. Ковачевић, Вук Бранковић.- Годишница Николе Чупића, X, 1888, 277; М. Динић, Област Бранковића. - ПКЈИФ, 26, 1960, 148; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 89 и сл.

[105] М. Динић, Област Банковића, 5-6; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 172.

[106] Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам, 70; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 217; Б. Панов, Охрид и Охридскиот крај, 243.

[107] Е. П. Наумов, Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие. - Историја, IX/2, Скопје 1973, 109.

[108] За личноста на Гргур, еден од Заумските ктитори, види: Ђ.Сп.Радојичић, Ко је подигао манастир Заум? - Историјски преглед, 1. Београд 1954, 44-46, каде што го идентификува со кесарот Гргур Голубиќ. За кесарот Гргур Голубиќ види: Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари, 263 и најновото: М. Шуица, О кесару Гргуру. - ЗРВИ, 34, Београд 1995, 163-172.

[109] Й. Иванов, Български старини, 55.

[110] Н. Д. Овчаров, Проучвания..., 76.

[111] Ц. Грозданов, Охридското зидно сликарство, 14-15; Н. Д. Овчаров, Проучвания, 99.

ва намесникот од Душаново време, севастократорот Бранко Младеновиќ заедно со синовите Радохна, Гргур и Вук. Тие останале верни на цар Урош“.[112] Пред 1365 година Бранко добил титула севастократор,[113] и ја проширил својата баштина во долината на р. Дреница.[114]

По смртта на охридскиот севастократор, тој бил наследен од неговите синови Гргур и Вук, а најстариот негов син се повлекол во Хиландар како монах. Изворите покажуваат дека тие останале верни на српскиот цар. Урош ги потврдува нивните дарови за манастирот Хиландар и заедно со нив бил претставен на фреските во црквата Св. Богородица Перивлепта во Охрид. Гргур и Вук Бранковиќ веројатно добиле од него и некакви титули, кои поради лошата состојба на фреските и натписите во Охридската црква не можат да се потврдат.[115]

Гргур и Вук по татковата смрт не се задржале долго во Охрид. Гргур се појавува во тетовскиот Полог за време на владеењето на Марко,[116] а Вук повторно се споменува дури во 1376/77 година кога го држел Скопје и поголеми територии на Косово.[117]

Причината за нивното повлекување од Охрид не ни е позната. Но, може да се претпостави дека како потомци на српски доселеник биле истиснати од македонските феудалци и морале да се повлечат во териториите што гравитирале кон матичните српски земји.

Мариовската област на исток од Селечка Планина, пред 1346 година била дадена како наследна сопственост на Душановиот намесник во Тесалија, кесар Прељуб. Кесарот Прељуб умрел непосредно по смртта на Душан. Неговата жена - кесарисата Ирина се повлекла пред налетот на Никифор II и се засолнила на српскиот двор. Царот Урош ја примил својата роднина и во 1357 година ѝ ја дал старата баштина што ја држел нејзиниот маж „до збора“, додека уште бил војвода.[118] Врз основа на изворите се убицирани некои места од овој имот и се добива јасна претстава за обемот на еден световен имот. Тој имот не бил мал, но не можел да се споредува со пространата Тесалија. Имотот на

---

[112] Х. Матанов, Югозападните земи, 74.

[113] Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари, 260 -261.

[114] Ст. Новаковић, Законски споменици, 441- 442.

[115] Й. Иванов, Български старини, 39; В. Ђурић, Византијске фреске у Југопславији. Београд 1980, 73 и таму наведената литература.

[116] Й. Иванов, Български старини, 90; Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи. IV, С. Карловци, 1923, бр. 6054; А. М. Селищчевъ, Пологъ и его болгарское население, София 1929, 83-84; Р. Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак. - ГСНД, књ. XII, Скопље 1933, 39; М. Шуица, О кесару Гргуру.-ЗРВИ, 34, Београд 1995, 172.

[117] Ст. Новаковић, Законски споменици, 313.

[118] Исто, 313; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 27.

кесарисата Ирина го опфаќал средниот тек на Црна Река, Мариово и Селечка Планина.[119]

Јужно од Мариово и западно од линијата Воден - Бер биле земјите на феудалецот Радослав Хлапен, којшто прв пат се споменува во изворите во 1350-1351 година, и кој што по 1355 година станал владетел на прилично опширно кнежевство во Јужна Македонија.[120] Во 1359 - 1360 година во кнежевството на Р. Хлапен влегол и градот Костур. Настаните сврзани со походот на деспот Никифор Орсини во Северна Грција и со борбата за српскиот престол му овозможиле на Радослав Хлапен да ги присвои градовите Воден и Бер.[121] Во периодот помеѓу 15 април 1357 и крајот на 1358 година тој се оженил за вдовицата на кесарот Прељуб - кесариса Ирина[122], и ја добил како мираз баштината на Прељуб во Мариово. Освен тоа Хлапен добил можност, заштитувајќи го затечениот син Тома Прељубовиќ, да пројави претензии и за власт во Тесалија, каде што кесарот Прељуб бил српски намесник до неговата смрт во 1356 година. Женидбата со кесариса Ирина му дала можност да ги обедини претходните свои владенија со баштината на Прељуб во Мариово. Така Хлапен станал владетел на опширна територија која на север достигнувала до Селечка Планина и Кожуф и поречието на р. Црна.[123]

До 1359-1360 година нема податоци кои можат да покажат дека Радослав Хлапен се одметнал од Урош. Напротив, во меѓусебната борба тој очигледно бил на страната на Урош, кој пак како компензација за верноста му помогнал за проширување на неговите владенија во Јужна Македонија. Освен тоа, преку женидбата со Ирина, Хлапен станал близок роднина на српскиот владетел[124].

Настаните во Јужна Македонија, во кои главна фигура бил Хлапен, се индикативни во неколку односи. Изворите покажуваат дека во 1356 - 1358/59 година околу Бер, Воден и Мариово се формира еден опширен феудален имот, којшто претставува добра основа за извојување на политичка самостојност на неговиот владетел. Благопријатен услов во таа смисла била и географската положба на грани-

---

[119] Спореди карта бр. 3 кај А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 176-177; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 14.

[120] Х. Матанов, Югозападните земи, 41.

[121] Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам, 73- 75; Х. Матанов, Югозападните земи, 62.

[122] ГДСС, XIV,241; Ст. Новаковић, Законски споменици, 312-314; Actes de Lavra, IV, No 1, 177-179; H. Matanov, R. Hlapen, 75-79; Б. Ферјанчић, Тесалија у XIII и XIV века,Београд 1974, 242; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 17; К. Аџиевски, Пелагонија, 215.

[123] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 14; Х. Матанов, Югозападните земи, 63.

[124] Ст. Новаковић, Законски споменици, 312- 314; **„възлюбена и всесърдечна сестра на царството ми“.** Спореди и М. Пурковић, Урошева „сестра“ Ирина. - ПКЈИФ, 2-3, 1932, 166.

цата помеѓу српските владенија и земјите на цар Симеон и деспот Никифор. Во втората половина на 50-тите години на XIV век, Радослав Хлапен сè уште не бил наполно самостоен и ја признавал власта на цар Урош.[125] Српскиот владетел се стремел да го задржи под своја власт, при што ги изградувал односите со него преку роднинските врски и личното потчинување. За Радослав Хлапен во тој период несомнено можат да се прифатат зборовите на J. Кантакузин, според кои крупните српски феудалци учествувале во борбата за српскиот престол не како потчинети на двајцата претенденти, туку како нивни сојузници. Очигледно е дека уште пред 1359 година владетелот на поголем дел од Јужна Македонија за кратко време попрво се претвора во вазал, отколку во службеник на српскиот владетел. Во 1356 - 1359/60 година во пределите на Бер, Воден и Мариово практично се поставуваат темелите на едно феудално кнежевство кое се здобива со самостојност на границата на 50-тите и 60-тите години на XIV век.[126]

Во периодот од 1355 до 1365 година се формирале и Серската држава и државата на кралот Волкашин со центар во Прилеп. Поради нивната посебна важност тие ќе бидат предмет на посебна студија.

---

[125] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 20 ; Х. Матанов, Југозападните земи, 63.

[126] Поопширно за Хлапен и неговото кнежевство види: Hr. Matanov, Radoslav Hlapen - souverain féodal en Macédoinee méridionale duant le troisiéme quart du XIV-e siècle. - EB, 4, 1983, 68 и сл.; Истиот, Југозападните земи, 63; К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 215.

## SUMMARY

Aleksandar ATANASOVSKI

### FOUNDATION OF THE FEUDALS STATES AND PRINCIPALITIES IN MACEDONIA FROM 1355 UNTILL 1365

Legal regulation and the legal system in the macedonians areas (Romania) of the Serbian Empire had not significantly been changed with their falling under the serbian rule. Only the persons who had been administrators were substituted. The fruits of the serbian victory were mostly gathered by the serbian feudals, but some of the feudals in Macedonia, who had been subjugated by Bizantinian ruler,were on the victorious side. They (mostly those one who had macedonian origin) during the critical period, with the aim to preserve the properties and privileges granted to them by the bizantinian ruler, recognized the supreme serbian authority. Thus, they entered in the row of the „serbian" vlastela despite the fact that they were not Serbin by origin. The larger part of the feudals remained loyal to the Serbian Emperor, but some of them became semi-independent principalities (Hrelja, Jovan Oliver, Nikifor Isak etc.). After the death of the Emperor Dusan (1355) these feudals turn their properties into the independent or vassal states and principalities. In order to stop the aspirations toward independence of the macedonian feudals, Emperor Dusan made removing of the serbian feudals in Macedonia. Such were: Branko Mladenovic in Ohrid, Preljub in Servija etc., but after his death the serbian newcomers did not feel themself safe and begun to return in their native serbian lands. The main reason for such behavior was the war for the serbian throne waged by Dusan's son Uros V aand Dusan's half brother Simeon. During that time, even the Empress Elena had independent area in Ser (Serres) while the most powerful feudals extended their territories. Thus during the period from 1356 up to the middle of the 60-s of the XIV century Serbia had lost control over Macedonia. Firstly, in 1356 Simeon gained control over Kostur (Kastoria) and naerby areas, but in 1360 that lands were captured by Radoslav Hlapen. In northeast Macedonia most powerful was Dejan, who had macedonian origin. His state, which was created during the falling of serbian power, embraced Zegligovo, Presevo and Gorna Struma. After the death of Dejan some of his lands were conquered by Vlatko with the center around Psaca. Vlatko recognized the supreme authority of Volkasin and Uros V. Southes of the properties of Vlatko and Dejan in the regions of Radovis, Strumica and mountains of Ograzden, Plackovica and Males was formed the principality of the „Veliki vojvoda" Nikola, who untill 1366 recognized the authority of Volkasin and the Emperor Uros V. After 1366 his territory was seized by Volkasin and

Marko. Branko Mladenovic remained the ruler of Ohrid and of some areas around Prizren and Vucitrn. Volkasin took control of the lands of Branko Mladenovic after his death. Preljub formed principality in Mariovo, which was succeded by his wife Irina. Southest and west of the line Voden (Edessa) - Ber (Veria) some of the lands were ruled by Radoslav Hlapen. Since his marrige with Irina he got hers areas and after 1360 he captured Voden and Ber and even expressed pretensions over Thessaly. Untill 1359/ 60 Hlapen had been loyal to Uros V, when he put the basis of his independent principality.

All abovementioned feudals were rather vassals than loyal servants of the serbian ruler and disposed with broad autonomy.